Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги



# СОПСТВЕНОСТА НА МЕДИУМИТЕ ВО 2022 ГОДИНА

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ... **3**

**СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ** ... **4**

ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ... 5

ТЕЛЕВИЗИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО ... 11

ТЕЛЕВИЗИИ НА ЛОКАЛНО НИВО ... 14

РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО ... 15

РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО ... 16

РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО ... 18

ИНТЕГРАЦИЈА НА КАПИТАЛОТ КАЈ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ... 22

ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ВО 2021 ГОДИНА ... 23

НЕДОЗВОЛЕНА МЕДИУМСКА КОНЦЕНТРАЦИЈА ... 24

**СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ** ... 26

**РЕЗИМЕ.** ... **30**

## ВОВЕД

Постапувајќи согласно „Препораката CM/Rec (2018)1 од Комитетот на министри до земјите членки за плурализам во медиумите и транспарентност на медиумската сопственост“ која, меѓу другото, ја истакнува важноста на плурализмот во медиумите и транспарентноста на медиумската сопственост за зачувување на јавната дебата во демократските општества, од 2019 година наваму, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги редовно изработува анализи/извештаи за сопственичката структура на медиумите во РС Македонија.

Во оваа публикација, четврта по ред од ваков вид, во засебни делови се претставени податоците за сопствениците на телевизиите и радиостаниците, како и на издавачите на печатените медиуми во 2022 година.

Податоците за сопственоста на радиодифузерите Агенцијата ги обезбеди од тековните состојби коишто самите радиодифузери оваа година ги доставија во Агенцијата во рамки на исполнувањето на обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми. Овој дел, покрај податоци за актуелните сопственици на телевизиите и радијата, содржи и податоци за четирите случаи на интеграција на капиталот кај радиодифузери, одлуките коишто Агенцијата ги донесе во 2021 година во однос на промените на сопственичката структура на радиодифузерите, како и за активностите во врска со случаите на недозволена медиумска концентрација во претходната година.

За изработка на делот што се однесува на сопствениците на издавачите на печатени медиуми користени се податоци од објавите за сопственоста на издавачите во дневен весник (обврска утврдена во член 15 став 2 од Законот за медиуми), како и тековни состојби издадени од Централниот регистар на РС Македонија.

Со цел да обезбеди целосна транспарентност на сопственоста, оваа публикација содржи и податоци за сопствениците на правните лица кои се јавуваат како иматели на удели во сопственоста на радиодифузерите и на издавачите на печатени медиуми.




## СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА

## НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

## ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО

Пет физички и осум правни лица се јавуваат како сопственици на 11-те телевизии кои емитуваат програма на ниво на целата држава (пет преку дигитален терестријален мултиплекс, четири преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и две преку сателит). Сите се во сопственост на по едно физичко или правно лице, освен ТВ Алсат- М, која има три сопственици.

| | радиодифузер | сопственик/ци, место на престој и удел во сопственоста |
|---|---|---|
| 1 | ТВ Канал 5 | Емил Стојменов, Скопје – 100 % |
| 2 | ТВ Сонце | Ѓорѓија Атанасоски, Прилеп – 100 % |
| 3 | Наша ТВ | Ристо Говски, Скопје – 100 % |
| 4 | ТВ Алсат-М | Ферик Велија, Врапчиште - 0.07 %<br>Имихане Велија, Врапчиште - 0.07 %<br>Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги „Веве гроуп“ ДОО, Скопје - 99.86 % |
| 5 | ТВ Алфа | „Алфа скоп“ ДОО експорт-импорт Скопје – 100 % |
| 6 | ТВ Сител | „МонтекоО“, Скопје - 100% |
| 7 | ТВ Телма | Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати „Макпетрол“ Скопје - 100% |
| 8 | ТВ Компани 21-М | „Компани 21“ ДОО, Приштина, Косово - 100% |
| 9 | ТВ Шења | Друштво за трговија и услуги „Медиа ворлд њус“ ДООЕЛ Скопје – 100 % |
| 10 | ТВ Клан | Акционерско друштво „ТВ Клан“, Тирана, Р Албанија – 100 % |
| 11 | ТВ 24 Вести | „Кејбл 24“ ДОО Линц, Австрија – 100 % |

Сопственици на ТВ Алсат-М се физичките лица Ферик Велија и Имихане Велија, и правното лице Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги „Веве гроуп“ ДОО, Скопје. Ова правно лице е во сопственост на Имихане Велија (88 % од уделот во основачкиот капитал) и на Зана Велија (12 % од уделот).




ТВ Алфа е во сопственост на Трговското друштво со ограничена одговорност за промет и услуги „Алфа скоп“ ДОО експорт-импорт Скопје, чиј мнозински содружник, со удел од 57 % во основачкиот капитал, е Друштвото за услуги „ЦХС инвест гроуп“ ДООЕЛ Скопје.

Сопственици на „ЦХС инвест гроуп“ се две лица – физичкото лице Горан Балаќ од Белград, Р Србија, и правното лице Друштво за трговија и услуги „Таргет медиа“ ДООЕЛ Скопје, кое е во целосна сопственост на лицето Питер Шац од Будимпешта, Р Унгарија.


„Технометал Вардар“ -во стечај
„Макошпе д“ АД-17 %
ТВ Алфа
„ЦХС инвест“ 57 %
„Алфа скоп“ 100 %
АД „Европа“ 11 %
„Таргет медиа“ 99 %
Горан Балак 1%
Питер Шац 100 %

Другите три субјекти кои се јавуваат како сопственици на „Алфа скоп“ се акционерските друштва АД „Европа“ - Скопје[1], „Макошпед“ АД Скопје[2] и „Технометал-Вардар“ извоз-увоз АД Скопје- во стечај.

ТВ Сител е во целосна сопственост на Друштвото за трговија „Монтеко“ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, чиј сопственик е физичкото лице Горан Ивановски од Скопје.




[1] Според податоците од веб-страницата на Централниот депозитар на хартии од вредност, вкупниот број на акционери во АД „Европа“ на 6.6.2022 година изнесувал 59, од кои 10 биле домашни правни лица, 43 домашни физички лица и шест странски физички лица. Физичките и правните лица што поседуваат над 5% од која било класа хартии од вредност во ова акционерско друштво се: Друштво за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта „Фершпед“ АД (21,77%), Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешно трговско работење, производство и промет „Макошпед“ АД (19,90%), Друштво за трговија, производство и услуги „АС Сењак“ увоз-извоз Селаудин Арифи ДООЕЛ (18,05%), Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони „Европа“ (10%), Мила Левентич (8,68%) и Есамедин Хасани (6,25%). Овие податоци се достапни на: https://www.cdhv.mk/5Procenti_tabela.aspx?MB=04054016&lng=1&date=06.06.2022.

[2] Вкупниот број акционери во „Макошпед“ АД на 6.6.2022 година изнесувал 678, од кои 20 биле домашни правни лица, 648 домашни физички лица, четири странски правни лица и шест странски физички лица. Акционери кои поседуваат над 5% од која било класа хартии од вредност во ова акционерско друштво се: Трговско друштво за трговија на големо и мало „Мепком Кочо и други“ ДОО увоз извоз (19,03%), „Уготур“ Акционерско друштво за организациска исхрана, угостителство и туризам, агенциско работење и трговија – Скопје (18,90%), Друштво за производство, трговија и услуги „ИГМ-трејд“ Илија и др. ДОО (12,93%) и Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешно трговско работење, производство и промет „Макошпед“ АД (10%). Овие податоци се достапни на: https://www.cdhv.mk/5Procenti_tabela.aspx?MB=04058526&lng=1&date=06.06.2022.

Сопственик на ТВ Телма е Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати „Макпетрол“ Скопје. Вкупниот број акционери во ова друштво изнесува 2423[3], од кои 62 домашни правни лица, 2322 домашни физички лица, осум странски правни лица и 31 странско физичко лице, кои сите заедно поседуваат вкупно 112,382 акции.







Единствен сопственик на телевизија Компани 21-М е правното лице „Компани 21“ ДОО, регистрирано во Приштина, Косово. Мнозински сопственик на ова друштво е Афердита Келменди, која поседува 60 % од неговата сопственост. Како сопственици се јавуваат уште три физички лица, и тоа: Џералдина Вула (со 10 % удел), Еуген Сарачини (со 20 % удел) и Флорин Келменди (со 10 %).

[3] Оваа е состојба од 6.6.2022 година. Над 5% од која било класа хартии од вредност поседуваат Командитно друштво со акции за транспорт „Оилко“ Скопје (22,87%) и Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати„Макпетрол“ (10%) – податоците се достапни на https://www.cdhv.mk/5Procenti_tabela.aspx?MB=04057643&lng=1&date=06.06.2022. Најголем процент на акции, пак, во

„Оилко" поседува АД за промет со нафта и нафтени деривати „Макпетрол" (35,61%), а над 5% поседуваат и Андреја Јосифовски (14,98%) и Командитно друштво со акции за транспорт „Оилко" Скопје (5,99%) – податоците се достапни на: https://www.cdhv.mk/5Procenti_tabela.aspx?MB=06178774&lng=1&date=06.06.2022.




ТВ Шења е во сопственост на Друштвото за трговија и услуги „Медиа ворлд њус“ ДООЕЛ Скопје. Ова правно лице ја основаше ТВ Шења во 2015 година, откако Агенцијата во април истата година донесе одлука со која му додели дозвола за телевизиско емитување. Сопственик на „Медиа ворлд њус“ ДООЕЛ Скопје е исто така правно лице - Фондација за култура и образование „Култ визиони“ Скопје. На сликата подолу е претставена сопственичката структура на ТВ Шења до нејзиниот краен сопственик.

ТВ Клан е во сопственост на стр
правно лице – Акционерското ,
„ТВ Клан“ од Тирана, Албанија




Според податоците од изводот издаден од Министерството за економски развој и туризам на Република Албанија, 40 % од акциите на АД ТВ Клан се во сопственост на лицето Алба Гина, а 60 % му припаѓаат на лицето Александер Франгај.




Сопственикот на ТВ 24 Вести е исто така странско лице. Станува збор за правното лице „Кејбл 24“ од Линц, Австрија. Единствен сопственик на ова правно лице е ЈМ-ДАТА, а краен сопственик на ТВ 24 Вести е физичкото лице Јуерген Меихнер од Австрија.

## ТЕЛЕВИЗИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Единаесет регионални телевизии се во целосна сопственост на по едно физичко лице, две имаат по двајца сопственици (ТВ Стар и ТВ Кобра), една е во сопственост на правно и физичко лице (ТВ Ирис), а сопственици на три телевизии се правни лица (ТВ К&М, ТВ М НЕТ-ХД и ТВ Ера).

| | радиодифузер | сопственик/ци, место на престој и удел во сопственоста |
|---|---|---|
| 1 | ТВ Тера | Зоран Манговски, Битола – 100 % |
| 2 | ТВ М | Михајло Арнаудов, Охрид – 100 % |
| 3 | ТВ Канал Вис | Јанко Мицев, Струмица – 100 % |
| 4 | ТВ Полог | Мунир Мехдиу, Кичево – 100 % |
| 5 | ТВ Топестрада | Виган Ибиши, Тетово – 100 % |
| 6 | Телевизија 3 | Виктор Серафимов, Скопје – 100 % |
| 7 | ТВ Едо | Енес Бабачиќ, Скопје – 100 % |
| 8 | ТВ МТМ | Гордана Андреевска, Скопје – 100 % |
| 9 | ТВ Шутел | Енвер Иљаз, Скопје – 100 % |
| 10 | ТВ КТВ | Ангел Данов, Кавадарци – 100 % |
| 11 | ТВ Коха | Меваип Абдиу, Тетово – 100 % |
| 12 | ТВ Стар | Христијан Марјанов, Штип – 90 %<br>Розетка Моневска, Штип – 10 % |
| 13 | ТВ Кобра | Ленче Литајковска, Радовиш – 50 %<br>Игор Литајковски, Радовиш – 50 % |
| 14 | ТВ Ирис | Баргала АД Штип - 97,57 %<br>Владимир Милановиќ, Штип - 2,43 % |
| 15 | ТВ К&М | Друштво за трговија и услуги „Кис & Менада“ ДОО Тетово - 100% |
| 16 | ТВ М НЕТ - ХД | Друштво за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип - 100% |
| 17 | ТВ Ера | Друштво за трговија и услуги „Медиа ворлд њус“ ДООЕЛ Скопје – 100 % |

Една од четирите регионални телевизии чијшто капитал е во сопственост на правно лице е ТВ Ирис. Мнозински содружник во овој радиодифузер е акционерското друштво „Баргала“ од Штип. Ова правно лице поседува 97,6% од основачкиот капитал на ТВ Ирис. Останатите 2,4% се во сопственост на Владимир Милановиќ од Штип. Доминантен акционер во „Баргала“ АД (со речиси 90%) е Костадин Барзов.







Крајни сопственици на ТВ К&M се физичките лица Ивица Хаџииљоски, Ацо Новески и Александар Митковски. Имено, тие се јавуваат како сопственици на правното лице Друштво за трговија и услуги „Кис & Менада“ ДОО Тетово, кое е единствен сопственик на телевизијата.




Друштвото за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип е единствен сопственик на ТВ М НЕТ-ХД, а негови сопственици,




пак, се три физички лица (Горан Христовски, Благој Серсемов и Трајче Андонов) кои имат еднаков удел во сопственоста на ова правно лице (по 33,3%).

Четвртата регионална телевизија која е во сопственост на правно лице е ТВ Ера. Овој радиодифузер е во целосна сопственост на правното лице Друштво за трговија и услуги „Медиа ворлд њус“ ДООЕЛ Скопје. На сликата подолу се претставени податоците за сосптвеноста на ТВ Ера до нејзиниот краен сопственик.

## ТЕЛЕВИЗИИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Локалните телевизии се исклучиво во сопственост на физички лица. Имено, како сопственици на овие телевизии се јавуваат вкупно 17 физички лица, од кои 13 имаат удел од 100 % во сопственоста на одредена телевизија, а четири лица се сопственици на две телевизии (по двајца на ТВ Свет и ТВ Плус).

Сите сопственици се домашни физички лица, а податоците за нив и уделот во сопственоста на радиодифузерите се претставени во табелата подолу.

| | **радиодифузер** | **сопственик/ци, место на престој и удел во сопственоста** | |
|---|---|---|---|
| 1 | ТВ Феста | Неџати Аќифи, Куманово – 100 % |  |
| 2 | ТВ К | Лазо Димитров, Кочани – 100 % | |
| 3 | ТВ Канал 8 | Тони Ајтовски, Кочани – 100 % | |
| 4 | ТВ Протел | Чедо Петров, Пробиштип – 100 % | |
| 5 | ТВ Канал 21 | Зоран Ставрев, Велес – 100 % | |
| 6 | ТВ Здравкин | Ангелче Здравкин, Велес – 100 % | |
| 7 | ТВ Калтрина | Мазар Татеши, Струга – 100 % | |
| 8 | ТВ Спектра | Демиш Каримановски, с. Лабуништа – 100 % | |
| 9 | ТВ Дибра | Илир Лела, Дебар – 100 % | |
| 10 | ТВ Гурра | Мерита Адиљи, Кичево – 100 % | |
| 11 | ТВ Дуе | Назми Елези, Гостивар – 100 % | |
| 12 | Г-ТВ | Блерим Мустафи, Гостивар – 100 % | |
| 13 | ТВ Ускана медиа | Мунир Мехдиу, Кичево – 100 % | |
| 14 | ТВ Свет | Драган Дечков, Свети Николе – 51 %<br>Ѓорги Дечков, Свети Николе – 49 % |  |
| 15 | ТВ Плус | Ивана Петровска, Куманово - 66.7 %<br>Ристо Илиевски, Крива Паланка - 33.3 % | |

## РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО

Од четирите радиостаници на државно ниво - РА Антена 5, РА Канал 77, РА Метрополис и РА Јон, три се во сопственост на физички лица, а едно е во сопственост на правно лице.




РА Антена 5 е во сопственост на три физички лица - Зоран Петров, Марјан Гушев и Коста Јаневски, при што секое е сопственик на удел од 33,3 % од основачкиот капитал на радиостаницата.

Исто така, три физички лица се јавуваат и како сопственици на РА Јон. Станува збор за Гоце Стојковски и Фисник Татешки, коишто поседуваат по 37,5 % од сопственоста на овој радиодифузер, и Андреј Стојков, со удел од 25 %.

Сопственици на РА Метрополис се лицата Дарко Гелев (50,04 %) и Миле Ѓошевски (49,96 %).

Единствен сопственик на РА Канал 77 е правното лице Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации „ГБЦ комуникации“ Штип, кое е во целосна сопственост на физичкото лице Виктор Гаврилов.

## РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Од вкупно 17 регионални радиостаници, 15 се во сопственост на физички лица. Само едно комерцијално радио (РА Лидер) е во сопственост на правно лице. Универзитетското радио Студент ФМ функционира како посебна внатрешна организациска единица на универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

| | радиодифузер | сопственик/ци, место на престој и удел во сопственоста | |
|---|---|---|---|
| 1 | РА Арачина | Муарем Исмаили, Скопје – 100 % | |
| 2 | РА Буба Мара | Ранко Петровиќ, Скопје – 100 % | |
| 3 | РА Зона М-1 | Светлана Тасевска, Скопје – 100 % | |
| 4 | РА Урбан ФМ | Митко Арнаудов, Скопје 100 % | |
| 5 | РА Лајф ФМ | Крешник Ајдини, Скопје – 100 % | |
| 6 | РА Роса АБ | Александар Димитров, Скопје – 100 % | |
| 7 | РА РФМ | Ристо Гоговски, Скопје – 100 % | |
| 8 | РА Сити | Дарко Гелев, Скопје – 100 % |  |
| 9 | РА Скај | Теодор Манески, Скопје – 100 % | |
| 10 | РА Спортско радио 90,3 ФМ | Тони Митев, Скопје – 100 % | |
| 11 | РА Капитол[4] | Перо Ристоски, Скопје – 100 % | |
| 12 | РА Фортуна | Виолета Божиноска, Скопје – 100 % | |
| 13 | РА Џез ФМ | Љупчо Хаџи-Стефанов, Скопје – 100 % | |
| 14 | РА Ват | Мефаил Кадри, Скопје – 50 %<br>Екрем Кадри, Скопје – 50 % |  |
| 15 | РА Клуб ФМ | Ѓорѓи Савев, Скопје – 34 %<br>Елена Петреска, Скопје – 66 % | |
| 16 | РА Лидер (Хит) | Друштво за промет и услуги „Тибел инвест“ ДООЕЛ Скопје – 100 % | |
| 17 | Универзиттеско радио „Студент“ ФМ 92.9 | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје |  |

[4] Податоците за сопственичката структура на оваа радиостаница се обезбедени од тековната состојба издадена во 2021 година, со оглед на тоа што во моментот на пишување на оваа публикација во тек е управен спор пред Управниот суд против решението на Централниот регистар за бришење на овој радиодифузер




Сопственик на РА Лидер е правното лице Друштво за промет и услуги „Тибел инвест“ ДООЕЛ Скопје, а негов единствен сопственик е физичкото лице Асмира Кочан од Скопје.

## РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Речиси 90% од радиостаниците коишто емитуваат програма на локално ниво се во сопственост на физички лица. Имено, вкупно 42 физички и седум правни лица се јавуваат како сопственици на некоја локална радиостаница. Од нив само едно е странско лице. Станува збор за Енкелејда Шелбурне од Тирана, Р Албанија, која е единствен сопственик на Радио 7 од Тетово.

| | радиодифузер | сопственик/ци, место на престој и удел во сопственоста | |
|---|---|---|---|
| 1 | Скај радио плус | Веселка Радинска, Берово – 100 % | |
| 2 | РА 106 | Кире Христовски, Битола – 100 % | |
| 3 | РА Б-97 | Марија Младеновска Димитровска, Битола – 100 % | |
| 4 | РА Голди | Маја Чадиева, Велес – 100 % | |
| 5 | РА Ла Коста | Дафинка Костадинова, Виница – 100 % | |
| 6 | РА Комета | Зоран Маџоски, Гостивар – 100 % | |
| 7 | РА Балкан ФМ | Илкер Јусуф, Гостивар – 100 % | |
| 8 | РА Тајм | Павле Јовановски, Гевгелија – 100 % | |
| 9 | РА Зора | Сунчица Маринкова-Сосиева, Делчево – 100 % | |
| 10 | РА Галакси-2002 | Нада Ангелова, Неготино – 100 % | |
| 11 | РА Кавадарци | Трајанка Митрова, Кавадарци – 100 % | |
| 12 | РА Александар Македонски | Илија Таневски, Кичево – 100 % | |
| 13 | РА Акорд | Зорица Ѓореска, Кичево – 100 % | |
| 14 | РА Медисон | Нада Јосифоска, Кичево – 100 % |  |
| 15 | РА Ускана-Плус | Арбер Мехдиу, Кичево – 100 % | |
| 16 | РА Бум | Сузана Андоновиќ, Куманово – 100 % | |
| 17 | РА Јехона ФМ | Бесим Шабани, Липково – 100 % | |
| 18 | РА Пулс | Марјан Тодоров, Кавадарци – 100 % | |
| 19 | РА Лав | Иванчо Пашоски, Охрид – 100 % | |
| 20 | РА Супер | Сашо Митаноски, Охрид – 100 % | |
| 21 | РА 5 Чоки | Илија Бошкоски, Прилеп – 100 % | |
| 22 | РА Мефф | Биљана Јовеска, Прилеп – 100 % | |
| 23 | РА Холидеј | Ленче Андоноска, Прилеп – 100 % | |
| 24 | РА Пела | Гордана Цветаноска, Прилеп – 100 % | |
| 25 | РА Еко | Дарко Пановски, Пробиштип – 100 % | |
| 26 | РА Модеа | Блаѓе Монев, Свети Николе – 100 % | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 27 | РА Плеј | Никола Бебекоски, Струга – 100 % | |
| 28 | РА Ррапи | Фисник Бектеши, Струга – 100 % | |
| 29 | РА Експрес | Соња Појразовска, Струмица – 100 % | |
| 30 | РА Хит | Стево Трајков, Василево – 100 % | |
| 31 | РА Блета | Африм Рамадани, Боговиње – 100 % | |
| 32 | РА Кисс | Зоран Тодоровски, Јегуновце – 100 % | |
| 33 | РА Плус Форте | Небојша Карапејовски, Тетово – 100 % | |
| 34 | РА 7 | Енкелејда Шелбурне, Тирана, Р Албанија – 100 % | |
| 35 | РА Ред ФМ | Арба Мехмети, Тетово – 100 % | |
| 36 | РА Импулс | Горанчо Тасев, Ново Село – 100 % | |
| 37 | РА Валандово | Снежана Шунтова, Валандово – 50 %<br>Дионис Нунов, Валандово – 50 % | |
| 38 | РА Мерак 5 ФМ | Димче Саздов, Велес – 50 %<br>Љупчо Несторов, Велес – 50 % | |
| 39 | РА Кочани ФМ | Илчо Лазаровски, Кочани – 50 %<br>Илија Стефановски, Кочани – 50 % | |
| 40 | Универзитетско радио УКЛО ФМ БИТОЛА | Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола | |
| 41 | РА ПРО-ФМ | Трговско радиодифузно друштво „Радио ПРО-ФМ 92 ексклузив“ ДООЕЛ Гостивар – 100 % | |
| 42 | РА Свети Николе | Пензиско и инвалидско осигурување Скопје – 12 %<br>Меѓународен славјански институт ДООЕЛ, Свети Николе – 88 % | |
| 43 | РА Енџелс | Друштво за продукција, услуги и трговија „Енџелс плус“ ДООЕЛ Штип - 100% | |
| 44 | УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ | Универзитет „Гоце Делчев“ Штип | |
| 45 | РА Марија - Благовест | Здружение „Радио Марија Македонија“ Струмица – 100  % | |

Радио ПРО-ФМ е во целосна сопственост на Трговското радиодифузно друштво „Радио ПРО-ФМ 92 ексклузив“ ДООЕЛ Гостивар. Сопственик на ова правно лице е физичкото лице Себахије Куртиши Сејфулаи од Гостивар.




РА Свети Николе е во сопственост на две правни лица - Пензиско и инвалидско осигурување Скопје (со учество од 12%) и Меѓународен славјански институт ДООЕЛ, Свети Николе (со учество од 88%). Сопственик на институтот е правното лице „Меѓународен славјански универзитет Гаврило Романович Державин“ Свети Николе, кој е во целосна сопственост на лицето Јордан Ѓорчев од Свети Николе.




Краен сопственик на РА Енџелс е физичкото лице Зоран Илиев од Штип. Имено, ова лице е сопственик на правното лице Друштво за продукција, услуги и трговија „Енџелс плус“ ДООЕЛ Штип, кое е единствен сопственик на радиостаницата.

РА Марија Благовест е во сопственост на Здружението „Радио Марија Македонија“ Струмица чијшто сопственици, според податоците од тековната состојба издадена од Централниот регистар на РС Македонија, се две физички лица – Јадранка Чадиновска и Ратислав Кардалев[5], двете од Скопје.

---

[5] Тековната состојба за Здружението „Радио Марија Македонија“ не содржи податоци за уделот кој го поседуваат овие две лица во неговата сопственост.

## ИНТЕГРАЦИЈА НА КАПИТАЛОТ КАЈ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Согласно податоците со коишто располага Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во моментов постојат четири случаи на интеграција на капиталот меѓу радиодифузери, односно во четири случаи едно исто лице се јавува како сопственик на повеќе од еден радиодифузер. Станува збор за следните:

1. Националната телевизија Шења и регионалната телевизија Ера – Единствен сопственик на овие две телевизии е Друштвото за трговија и услуги „Медиа ворлд њус“ ДООЕЛ Скопје.

2. Националната телевизија Наша ТВ и регионалната радиостаница РФМ – Сопственик на овие два радиодифузери е физичкото лице Ристо Гоговски, со удел од 100 % во сопственоста на секој од нив.

3. Регионалната телевизија Полог и локалната телевизија Ускана медиа – Единствен сопственик на овие телевизии е физичкото лице Мунир Мехдиу.

4. Националното радио Метрополис и регионалното радио Сити – Поврзаноста на капиталот кај овие два радиодифузери е преку физичкото лице Дарко Гелев, кое е сопственик на удел од 50,04 % во основната главнина на РА Метрополис и единствен сопственик на РА Сити.

## ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ВО 2021 ГОДИНА

Во 2021 година, до Агенцијата беа доставени десет известувања за промена на сопственичка структура на радиодифузерите, од кои четири се однесуваа на промена на сопственоста на телевизии (КТВ, Шутел, Стар и Сити), а шест на сопственоста на радиостаници (Свети Николе, Зора, Ват, Урбан и Комета, која во анализираната година два пати менуваше сопственик). Постапувајќи согласно член 41 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата испита дали со предложените промени би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на одредбите од законот, а откако констатираше дека не постојат законски пречки, донесе одлуки со кои ги одобри побараните промени. Во табелата подолу се претставени податоците за радиодифузерите, нивните сопственици пред и по донесувањето на одлуките со кои се дозволи промена во сопственичката структура, уделите во сопственоста и периодот кога е донесена одлуката.

| | радиодифузер | сопственик/ци пред промената и удел во сопственоста | сопственик/ци по промената и удел во сопственоста | период на донесување на одлуката |
|---|---|---|---|---|
| 1 | РА Свети Николе[6] | ПИОМ – 11,66 %<br>„Меѓународен славјански институт Москва“ ДООЕЛ Свети николе – 88,34 % | Цветан Настевски – 11,66 %<br>„Меѓународен славјански институт Москва“ ДООЕЛ Свети Николе – 88,34% | јануари |
| 2 | РА Комета | Раде Исајлоски – 100 % | Слободанка Исајлоска – 100 % | март |
| 3 | ТВ КТВ | Марјан Тодоров – 100 % | Ангел Данов – 100 % | април |
| 4 | РА Зора | Лидија Антовска – 100 % | Сунчица Маринкова-Сосиева – 100 % | април |
| 5 | РА Комета | Слободанка Исајлоска – 100 % | Зоран Маџоски – 100 % | мај |
| 6 | ТВ Шутел | Фари Елез – 100 % | Валентин Бајрам[7] – 100% | мај |
| 7 | ТВ Стар | Симјончо Марјанов – 90 %<br>Розетка Моневска – 10 % | Христијан Марјанов – 90 %<br>Розетка Моневска – 10 % | јуни |
| 8 | РА Ват | Рахим Кадри – 50 %<br>Екрем Кадри – 50 % | Мефаил Кадри – 50 %<br>Екрем Кадри – 50 % | ноември |
| 9 | ТВ Сити[8] | Друштво за трговија и услуги „Премиум АГС“ ДОО увоз-извоз Скопје – 100 % | Друштво за производство, трговија и услуги „Фила група“ ДОО Скопје – 100 % | декември |
| 10 | РА Урбан | Друштво за трговија и услуги „Урбан вејв“ ДОО Скопје – 100 % | Митко Арнаудов – 100 % | декември |

[6] И покрај донесената одлука со којашто се дозволи промена во сопственичката структура на овој радиодифузер, промената не беше реализирана во Централниот регистар на РСМ

[7] Во моментот на пишување на оваа публикација, ова лице не е сопственик на ТВ Шутел поради тоа што во меѓувреме (во март 2022 година) радиодифузерот повторно изврши промена на сопственоста

[8] Дозволата за телевизиско емитување на овој радиодифузер престана да важи во март 2022 година, а до тогаш промената не беше реализирана во Централниот регистар на РСМ

## НЕДОЗВОЛЕНА МЕДИУМСКА КОНЦЕНТРАЦИЈА

Согласно членот 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, постои кога физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица носители на функции на управување во радиодифузери се јавуваат истовремено како:

- поврзани лица во смисла на одредбите од овој закон,
- основачи на други радиодифузери спротивно на одредбите од членот 37 ставови (1), (2), (3) и (4) од овој закон,
- основачи на издавач на печатен медиум кој издава дневен весник што се дистрибуира на подрачјето на кое се емитува радио и/или телевизиската програма;
- основачи на новинска агенција и
- основачи на друштво за реклама и пропаганда, друштво за истражување на пазарот и јавното мислење, друштво за дистрибуција на аудиовизуелни дела, друштво за филмска продукција или оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми.

За да спречи заобиколување на законски пропишаните ограничувања преку поврзани лица, во членот 36 од законот законодавецот детално дефинирал кои лица се сметаат за поврзани, односно дека:

1) Поврзани лица, во смисла на овој закон, се лицата кои се меѓусебно поврзани преку управување, капитал или на друг начин и кога тие поради таквата поврзаност заеднички можат да ја креираат деловната политика, односно да дејствуваат на координиран начин заради остварување заеднички цели, или кога едно лице има можност да насочува или значајно да влијае врз друго лице при одлучувањето за финансирањето, деловното работење или при одлучување за програмскиот концепт на радиодифузер.

(2) Како поврзани лица од ставот (1) на овој член особено се сметаат:

- членовите на семејството,
- членовите на семејство на брачниот или вонбрачниот другар,
- лицата кои како иматели на вкупен удел во сопственоста, на акции или на други права во друго лице, учествуваат во управувањето на тоа лице со најмалку 25 % од гласачките права,
- лицата кај кои едно исто лице има вкупен удел, акции или други права, врз основа на што учествува во управувањето во секое од тие лица со најмалку 25 % од гласачките права,
- поврзаните друштва во смисла на Законот за трговските друштва,

- лицата кои со маркетинг или друг договор, во тримесечен или подолг период во една година остваруваат повеќе од 30 % од приходи од рекламирање, телешопинг и спонзорство и
- лица кои се членови на управниот или надзорниот одбор во радиодифузерот и лицата кои се сметаат за поврзани со членовите на управниот или надзорниот одбор на начин утврден со овој член.

Имајќи ги предвид наведените забрани, во 2021 година Агенцијата покрена две постапки за утврдување недозволена медиумска концентрација кај радиодифузери, и тоа кај локалната телевизија ТВ Нова од Гевгелија и кај регионалната ТВ Сити од Скопје.

✧ Постапката кај ТВ Нова беше поведена затоа што сопственикот, кој истовремено беше и управител на телевизијата, се јавуваше и како сопственик и управител на Трговското радиодифузно друштво „Нова К-12“ ДООЕЛ Гевгелија, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 73.12 – Огласување преку медиуми, што е спротивно на член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На барање на регулаторот, а со цел до крај да се испитаат овие сознанија, радиодифузерот достави во Агенцијата, меѓу другото, и документи од коишто беше констатирано дека приходите на „Нова К-12“ ДООЕЛ Гевгелија се остварени претежно од огласување преку медиуми, како и дека приоритетна дејност на ова правно лице е – огласување преку медиуми.

Имајќи го предвид наведеното, Агенцијата утврди постоење недозволена медиумска концентрација, а на радиодифузерот му беше даден рок од 90 дена истата да ја отстрани. Сите активности во врска со претходно утврдената концентрација беа запрени на крајот од декември 2021 година затоа што Агенцијата и ја одзеде дозволата на ТВ Нова поради тоа што не ги исполнуваше минималните кадровски услови потребни за телевизиско емитување на локално ниво.

✧ Постапката кај ТВ Сити беше поведена по две основи: 1. управителот на радиодифузерот се јавуваше истовремено како прокурист во Друштво за филм, маркетинг и издавачка дејност „Борба филм“ ДООЕЛ Скопје, кое е регистрирано за вршење дејности на производство на филмови, видеофилмови и телевизиска програма, што е спротивно на Член 39 став 1 алинеи 1 и 5 и Член 36 став 1 од ЗААВМУ; 2. постоеја индиции за евентуално постоење недозволена медиумска концентрација преку поврзано лице, односно преку член на семејството.

Агенцијата во февруари оваа година ја запре претходно поведената постапка поради тоа што радиодифузерот изврши промена на управителот.




## СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА

## НА ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Од вкупно 20 издавачи на печатени медиуми, 15 се во сопственост на едно или повеќе физички лица, еден е во целосна сопственост на правно лице, а сопственици на два издавачи се истовремено физички и правни лица. Останатите два субјекти кои се евидентирани во регистарот на издавачи на печатени медиуми кој го води Агенцијата се здруженија - Културно сдружение „Визиони М“ Скопје (издавач на „Шења“) и Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој „Паблик“ Скопје (издавач на „Лице в лице“).

Најголем дел од сопствениците се домашни физички и правни лица, а само два се странски лица. Станува збор за правното лице „Репро уан лимитед“ од Британските Девствени Острови, кое се јавува како сопственик на Друштвото за производство, промет и услуги „Репро принт“ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и на Трговското друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги „Капитал медиа гроуп“ ДОО увоз-извоз Скопје, како и физичкото лице Владимир Гаљак од Р Србија, сопственик на Друштвото за издавање и маркетинг „Слободен печат“ ДОО Скопје.

Податоците за сопственоста на издавачите на печатени медиуми се претставени во табелата подолу и истите се обезбедени од објавите за сопственичката структура во дневен весник, обврска утврдена во член 15 став 2 од Законот за медиуми.

| | издавач на печатен медиуми | медиум | сопственик/ци, место на престој и удел во сопственоста |
|---|---|---|---|
| 1 | Друштво за производство, промет и услуги „Репро принт“ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | „Нова Македонија“ | „Репро уан лимитед“, Британски Девствени Острови – 100 % |
| 2 | Друштво за издавање и маркетинг „Слободен печат“ ДОО Скопје | „Слободен печат“ | • Владимир Гаљак, Белград – 50 %<br>• Друштво за печатење, дистрибуција и услуги „Печат МК“ ДОО Скопје – 50 % |
| 3 | Друштво за издавање и маркетинг „Вечер прес“ ДООЕЛ Скопје | „Вечер“ | Сашо Богдановски, Скопје – 100 % |
| 4 | Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги „Коха продакшн“ ДОО Скопје | „Коха“ | • Лирим Дулови, Скопје – 60 %<br>• Арбен Раткоцери, Скопје – 40 % |
| 5 | Трговско друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги „ Капитал медиа гроуп“ ДОО увоз-извоз Скопје | „Капитал“ | • Љупчо Зиков, Штип – 6,09 %<br>• Друштво за производство, трговија и услуги „Камбурис и Барба“ ДОО увоз-извоз Скопје – 41,39 %<br>• „Репро уан лимитед“ АД Тортола, Британски Девствени Острови – 51 %<br>• Гордана Стојановска-Ицевска, Скопје – 1,52 % |
| 6 | Друштво за новинско издавачка дејност „Медиа плус фокус“ ДОО Скопје | „Фокус“ | • Јадранка Костова, Скопје – 40 %<br>• Биљана Трошановска, Скопје – 60 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Друштво за новинарство и издаваштво „Медиа прес ВМ“ ДООЕЛ увоз-извоз Битола | „Битолски весник“ | Васка Младеновска, Битола – 100 % |
| 8 | Друштво за производство, трговија и услуги „Јени Балкан“ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | „Јени Балкан“<br>„Јени Балкан Хафталик Бултен“<br>„Бахче“ | Муртеза Сулооџа, Скопје – 100 % |
| 9 | Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг „АТВ медиа компани“ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје | „Лајм“ | Фејзи Ајдари, Куманово – 100 % |
| 10 | Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност „Еуро мак компани“ ДОО увоз-извоз Скопје | „Економија и бизнис“ | • Весна Јовановска, Скопје – 68,5 %<br>• Зоран Јовановски, Скопје – 31,5 % |
| 11 | Друштво за услуги „Антиќ медиа“ ДООЕЛ Скопје | „Портрет“ | Ружица Антиќ, Скопје – 100 % |
| 12 | Друштво за производство, трговија и услуги „Медиум боја 43“ ДООЕЛ увоз-извоз Штип | „Штипски глас“ | Иванчо Бојаџиски, Штип – 100 % |
| 13 | Друштво за производство, трговија и услуги „Колор медиа плус“ ДОО Скопје | „Убавина и здравје“<br>„Добра храна“<br>„Руски доктор“ | • Александар Наков, Скопје – 51 %<br>• Јована Стојменовиќ, Скопје – 49 % |
| 14 | Друштво за издавачка дејност „Биро прес“ ДОО Скопје | „Порта 3“ | • Александар Белев, Скопје – 5 %<br>• Љупчо Атанасовски, Скопје – 5 %<br>• Виктор Каранфилов, Скопје – 10 %<br>• Филип Филипоски, Скопје – 5 %<br>• Гоце Адамчески, Скопје – 5 %<br>• Предраг Мојсовски, Скопје – 5 %<br>• Стефан Каратуков, Скопје – 5 %<br>• Елена Филипоска, Скопје – 5 %<br>• Горан Јовановски, Скопје – 5 %<br>• Весна Гогова, Скопје – 4 %<br>• Емилија Петровска, Скопје – 9 %<br>• Александра Петровска, Скопје – 9 %<br>• Коста Костов, Скопје – 10 %<br>• Сандра Дончева, Скопје – 9 %<br>• Вањa Дончева, Скопје – 9 % |
| 15 | Културно Здружение „Визиони М“ Скопје | „Шења“ | Ердуан Даути, Скопје – претседател |
| 16 | Друштво за медиуми издаваштво и маркетинг „Ехо медиа груп“ ДООЕЛ Скопје | „Скопско ехо“<br>„Македонско ехо“ | Костадин Андоноски, Прилеп – 100 % |
| 17 | Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги „Зенит прес плус“ увоз извоз ДОО Прилеп | „Зенит“ | • Светлана Ристеска, Прилеп – 50 %<br>• Љупчо Мургоски, Прилеп – 50 % |
| 18 | Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој „Паблик“ Скопје | „Лице в лице“ | Климентина Илијевски, Скопје – овластено лице |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19 | Друштво за реклама и пропаганда „Кликер маркетинг“ ДООЕЛ Скопје | „InStore“ | Верица Мартиновска, Скопје – 100 % |
| 20 | Друштво за развој на научно-техничка култура „Емитер“ ДОО Скопје | „Емитер“ | • Слободан Таневски, Скопје – 75 %<br>• Сашко Таневски, Скопје – 25 % |

Домашни правни лица кои се јавуваат како сопственици на издавач на печатен медиум се Друштвото за печатење, дистрибуција и услуги „Печат МК“ ДОО Скопје, сопственик на Друштвото за издавање и маркетинг „Слободен печат“ ДОО Скопје, и Друштвото за производство, трговија и услуги „Камбурис и Барба“ ДОО увоз-извоз Скопје, сопственик на Трговското друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги „ Капитал медиа гроуп“ ДОО увоз-извоз Скопје.

Слободен печат ДОО Скопје е во сопственост на физичкото лице Владимир Гаљак од Р Србија (50%) и правното лице „Печат МК“ ДОО од Скопје (50 %), чиј мнозински содружник, со учество од 9 0% во основната главнина е физичкото лице Драган Живковиќ од Скопје.




Повеќе од половина (51 %) од капиталот на „Капитал медиа гроуп“ ДОО увоз-извоз Скопје е во сопственост на правното лице „Репро уан лимитед“, а 10% помало учество има правното лице „Камбурис и Барба“ ДОО увоз-извоз Скопје. На приказот подолу детално е претставена




сопственичката структура на овој издавач.

## РЕЗИМЕ

Како сопственици на сите телевизии и радиостаници заедно се јавуваат вкупно 102 физички и 21 правно лице. Имено, во целосна сопственост на физички лица се 31 телевизија (три емитуваат програма на државно ниво, 13 на регионално и 15 на локално ниво) и 57 радија (три на државно ниво, 15 на регионално и 39 на локално ниво), во сопственост само на правни лица се 10 телевизии (седум на државно и три на регионално ниво) и девет радија (едно на државно, две на регионално и шест на локално ниво), а мешана сопственост, каде како сопственици истовремено се јавуваат физички и правни лица, имаат само два радиодифузери (ТВ Алсат-М и ТВ Ирис).

Само четири лица се сопственици на повеќе од еден радиодифузер. Станува збор за правното лице Друштво за трговија и услуги „Медиа ворлд њус“ ДООЕЛ Скопје, кое е единствен сопственик на телевизиите Шења и Ера, и физичките лица Ристо Големовски – сопственик на Наша ТВ и РА РФМ, Мунир Мехдиу – сопственик на ТВ Полог и ТВ Ускана Медиа, и Дарко Гелев – сопственик на РА Метрополис и РА Сити.

Од вкупно 20 издавачи на печатени медиуми евидентирани во регистарот кој го води Агенцијата, 15 се во сопственост на физички лица, еден е во сопственост на правно лице (издавачот на „Нова Македонија“), два се во сопственост на физички и правни лица (издавачите на „Слободен печат“ и на „Капитал“), а два издавачи се здруженија (издавачите на „Шења“ и на „Лице в лице“). Сите 20 издавачи заедно издаваат 25 печатени медиуми.

Најголем дел од радиодифузерите и издавачите на печатени медиуми се во сопственост на домашни физички и правни лица. Странски лица се јавуваат како сопственици на три телевизии (ТВ Клан, ТВ Компани 21 и ТВ 24 Вести), една радиостаница (РА 7) и три издавачи на печатени медиуми (издавачите на „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Капитал“).

По претходно доставени известувања за промена на сопственичката структура, во 2021 година Агенцијата донесе 10 одлуки со кои дозволи промени во сопственоста на телевизиите КТВ, Шутел, Стар и Сити, и на радиостаниците Свети Николе, Зора, Ват, Урбан и Комета (две одлуки). Минатата година беа покренати две постапки за утврдување недозволена медиумска концентрација кај радиодифузери, и тоа кај локалната телевизија ТВ Нова од Гевгелија и кај регионалната ТВ Сити од Скопје.